Врз основа на член 65 став 6 од Законот за Животна средина („Службен весник на Република Македонија„ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 161/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 187/13, 42/14, 129/15, 39/16, 39/18, 216/21, 84/22, и 171/22) Општина Дојран на ден 17.01.2023та година донесе:

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в Циндричева шума, К.О Сретеново, Општина Дојран кои се носи согласно законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија", бр. 32/20), правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија", бр.225/20) и условите за планирање на просторот не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на ВЕБ страната на Општина Дојран.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиската оцена, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в Циндричева шума, К.О Сретеново, Општина Дојран нема да има влијание врз животната средина од следните причини: планскиот опфат кој го опфаќа целосно Урбанистичкиот план за вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в Циндричева шума, К.О Сретеново, Општина Дојран не предвидува негово проширување и претходно е третиран со постојна урбанистичка документација со вкупно површина на планскиот опфат 2,81 хектар. За предметниот УПВНМ за изградба на стопански комплекс – винарија м.в Циндричева шума, К.О Сретеново, Општина Дојран, изработени се и услови за планирање на просторот за истата планска документација каде што претходно стоеше намената Г2 – лесна и незагадувачка индустрија( винарија), а со оваа планска документација е планирана намената Е 1.13 – површински соларни и фотонапонски електрани.
   Истите произлегуваат од просторниот план на Р. Македонија изработени од агенцијата за планирање на просторот на Р.М со технички број 14314 од јули 2014та година. Со планот се предвидува еден блок во кој се формираат две градежни парцели во склад со одредбите на член 12 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање при што ќе биде оставена можност за понатамошна детална разработка во рамките на блокот и постојните намени со планирање на градежни парцели со нивни граници, површини за градење определени со градежни линии, максимални височини на градбите изразени во метри, општи и посебни услови за изградба и користење на земјиштето за јавна употреба, планско решение на секундарната сообраќајна мрежа, плански решенија на водовите и објектите од комунална инфраструктура, мерки за заштита и спасување и друго. Овие планови ќе се изработуваат во склад на член 8 став 1 од Правилникот за поблсика содржина размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови. Во рамките на планскиот опфат на предметниот локалитет се планира развој со предвидување на намените: Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Е1.13 – површински соларни и фотонапонски електрани и Д 2.1 – линиско сообраќајно зеленило.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Дојран и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одулаката на ВЕБ страната.

Бр. УП1 Бр. 12-128 од 18.01.2023

Изработил:Блажо Катранџиев

Со Почит

ГРАДОНАЧАЛНИК
На општина Дојран
**Анго Ангов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН